**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26. 11. 2016 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6006 | 1 | |

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Примерокот за анализата на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Канал 5 во осмиот извештаен период (од 11 до 20 ноември 2016 година), го сочинуваат десет изданија на Дневникот на ТВ Канал 5 во 18:30 часот.

Анализирани се прилози со должина од 5 часа 32 минути и 48 секунди, од кои 4 часа 59 минути и 29 секунди ги имаат одликите на некој од информативните жанрови - извештаи, интервјуа, изјави, вести, како и еден портрет (Табела 1), а на коментари и осврти - 33 минути и 19 секунди.

Има прилози на теми од интерес за пошироката јавност (здравство, археолошки истражувања), а локалните информации доаѓаат од Охрид, Кочани, Струмица, Битола, Велес.

Во осмиот извештаен период, реализирани се следниве интервјуа во живо: на 11 ноември, за инфекции на белите дробови кај децата се разговара со д-р Оливер Зафировски, директор на Болница Козле (2 минути и 49 секунди); на 12 ноември, за земањето антибиотици на своја рака, се разговара со д-р Лилија Чолакова Дервишова од Велес (3 минути и 40 секунди); 13 ноември со Ѕвонко Андонов, агент во осигурителна компанија од Струмица, се зборува за поволностите од осигурување на посевите (4 минути и 47 секунди), а со Валентин Светозарев, директор на Битолски народен театар, се разговара за претстојното меѓународно гостување на битолските актери во Калифорнија (3 минути и 44 секунди); на 14 ноември, од интервјуто со Ѓоко Ѓорчевски, раководител во Агенција за храна и ветеринарство, се добиваат препораки како да се избегнат опасностите при колењето домашни животни за обезбедување месо за сопствени потреби (4 минути и 25 секунди), а од разговорот со Ристо Манчев од Републичкиот Совет за безбедност во сообраќајот се дознава за правилата за задолжително носење зимска опрема (3 минути и 47 секунди); на 15 ноември, на уште една тема од здравството се разговара со д-р Елена Каревска од Брза помош (2 минути и 3 секунди); на 16 ноември има интервју во живо со Јоргос Пападакис, портпарол на Европската слободна алијанса од Брисел (8 минути и 3 секунди) во врска со воведувањето на новиот механизам на Европската комисија за земјите на Западен Балкан, анализа на посетата на Барак Обама во Атина и прашањето за Македонија кое му го постави Павлопулос; со Дарко Мославац, декан на Градежен Факултет Скопје, се разговара за тоа дали објектите во Македонија се сеизмички стабилни (5 минути и 20 секунди), а со Зоран Јошески од Републичкиот Совет за безбедност во сообраќајот се зборува за одржаната панел дискусија на тема „Пешаците и нивната безбедност во сообраќајот“ (4 минути и 9 секунди); на 17 ноември, по повод Светскиот ден за предвремено родени деца, има интервју со доц. д-р Марија Хаџилега, директорка на Клиника за гинекологија и акушерство (5 минути и 52 секунди), а со психологот Асен Прличков од Велес се разговара за негативните ефекти од модерното родителство врз воспитувањето на децата (2 минути и 56 секунди); на 18 ноември, за тоа како да се заштитат децата од злоупотреба се зборува со Сашо Кончакоски, психолог од Центарот за човекови права АМОС – Битола (3 минути и 29 секунди); потоа за аферата дека на пристаништето во Бар пристигнало смрзнато месо од 1982 година, се зборува со Зоран Поповски, директор на Агенција за храна и ветеринарство (3 минути и 42 секунди), а за тешка васкуларна операција извршена за првпат во Македонија, има интервју со хирургот д-р Никола Лазовски од Клиниката за кардиохирургија (3 минути и 10 секунди); на 19 ноември, за премиерата на балетот Клеопатра се разговара со Игор Дурловски, директор на МОБ (4 минути и 2 секунди); на 20 ноември има интервју со Прота Ристо Јанушев по повод празникот Св. Архангел Михаил (4 минути и 36 секунди) и разговор со наставничката Весела Богдановиќ од Битола, за тоа како да се подобрат навиките на децата во училиштето (4 минути и 42 секунди).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:05:23 | 1,80 % |
| Претседател на РМ | 00:02:24 | 0,80 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:48:08 | 16,07 % |
| Други субјекти | 01:22:42 | 27,61 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:03:43 | 1,24 % |
| Влада на РМ | 00:28:15 | 9,43 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:36:19 | 12,13 % |
| ДИК и други органи | 00:09:45 | 3,26 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Привремена комисија | 00:01:31 | 0,51 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:20 | 0,11 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:24 | 0,80 | % |
| Без субјекти | 00:03:00 | 1,00 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:29:29 | 9,84 | % |
| Судство | 00:04:40 | 1,56 | % |
| СДСМ | 00:14:04 | 4,70 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:20 | 0,45 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:41 | 0,56 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:35 | 0,19 | % |
| Левица | 00:00:35 | 0,19 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:35 | 0,19 | % |
| Шарена револуција | 00:00:45 | 0,25 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:11 | 1,40 | % |
| ГДОМ | 00:06:45 | 2,25 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:05 | 2,37 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:56 | 0,31 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:55 | 0,64 | % |
| Либерална партија | 00:00:40 | 0,22 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:19 | 0,11 | % |
| | **Вкупно: 04:59:29** | **100** | **%** |

Кај информативните жанрови, најбројни се прилозите за субјектите од разноврсната методолошка категорија „*други субјекти*": Игор Дурловски директор на МОБ, Иван Мирчевски директор на Канал 5 Телевизија, Милчо Узунов генерален менаџер на 3Д продукција, проф. Драги Митревски, Ламбурџини Груп, „ФПЦ Технопласт", СИЕР, Југохром, психолози, учесници во НОБ, осигурителни компании, Битолски народен театар, Стопанска комора на Македонија, Регулаторна комисија за енергетика, адвокати, Градежен Факултет Скопје, мајки на предвреме родени деца, Окта, СОС Детско село Скопје, МНТ, Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математички факултет Скопје, Синиша Стефановски производител на малина од Тетово, ФК Брегалница, Бранислав Светозаревиќ автор на изложба, Комора на извршители, МПЦ итн.

Следуваат „*органите на државната управа/јавните претпријатија*", па амбасадорите, странските политичари, меѓународните организации и институции, категорија во која има и прилози за посетата на претседателот на САД Барак Обама на Грција, низ призмата на македонско - грчките односи.

Следуваат информациите за активностите, ставовите, реакциите на ВМРО ДПМНЕ, меѓу кои има позитивни ставови од странски политичари со поддршка за победа на оваа партија на изборите.

Освен информациите за редовните активности на Владата, има и прилози со позитивен контекст за политиките, активностите и проектите на власта. Примери за вакви прилози се: на 11 ноември „Промоција на монографијата 'Скопската тврдина Кале" (1 минута и 32 секунди); на 12 ноември „Димитриев: Владини политики стимулираат инвестиции и кај домашните компании" (1 минута и 16 секунди); на 15 ноември „Пензиите во декември ќе бидат повисоки за 5 проценти" (1 минута и 3 секунди), „Проектот Macedonian education network project претставен во Барселона" (1 минута и 7 секунди) и „Отворени денови за земјоделците во струмичката подрачна единица МЗШВ" (1 минута и 52 секунди); на 17 ноември „МОН со 30 илјади денари ќе финансира мултикултурни проекти" (1 минута и 21 секунда), „Стартува откупот на тутунот - инспекторите на терен" (1 минута и 9 секунди). Позитивен контекст за резултатите од владините политики има и во прилози во кои како субјекти се појавуваат претставници на органи на државната управа.

Уште еден субјект има прилози со информативни жанрови подолги од 10 минути – партијата СДСМ, за која има и повеќе прилози со аналитички жанрови (опишано подолу во Извештајов). Има информации и за

неколку други политички субјекти, со тоа што, повеќе од 1 минута имаат ГРОМ, ДПА и ДУИ, а помалку од една минута – Либералната партија, Коалицијата ВМРО за Македонија, Левица, Коалицијата за промени и правда и ПДП.

Во прилозите со информативни жанрови, најмногу директни обраќања имале *„другите субјекти"*, потоа, претставниците на *„органите на државната управа/јавните претпријатија"*, ВМРО ДПМНЕ и субјектите од категоријата *„амбасадори/меѓународни организации/странски политичари"* (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:14:23 | 10,69 | % |
| СДСМ | 00:06:40 | 4,95 | % |
| Влада на РМ | 00:08:46 | 6,52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:28:30 | 21,18 | % |
| Други субјекти | 00:44:53 | 33,36 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:33 | 1,90 | % |
| Шарена револуција | 00:00:28 | 0,35 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:48 | 1,34 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:01 | 10,42 | % |
| ГДОМ | 00:03:27 | 2,56 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:50 | 0,62 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:10 | 2,35 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:52 | 1,39 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:42 | 0,52 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:29 | 1,10 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:41 | 0,51 | % |
| Либерална партија | 00:00:10 | 0,12 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:10 | 0,12 | % |
| **Вкупно:** | **02:14:33** | **100** | **%** |

Во осмиот извештаен период емитувани се следниве прилози со аналитички жанрови.

На 11 ноември, се емитува коментарот, означен со два телопи „Остри реакции во опозицијата за коалицирање со Милетиќ" и „Аналитичарите за „грдото лице" на Македонија" (3 минути и 54 секунди). Во него, на почетокот се вели дека СДСМ потпишал договор за коалицирање со неколку помали политички партии, меѓу кои и Српската напредна странка на Драгиша Милетиќ, „откако опозицискиот лидер излезе уште еднаш со јасен став за Уставот со цел да им се додвори на албанските гласачи". Потоа се емитува соопштение од партијата на Милетиќ и се наведува дека одлуката на раководството на СДСМ за коалицирање со него, наишла на остри реакции кај дел од членството и високи функционери на партијата што е илустрирано со скрин шотови од Фејсбук статуси на: Ана Павловска Данева, Весна Бендевска, Ивор Мицковски. Следува обраќање на Заев во кое објаснува дека правото на коментар е дел од дебатата, а различноста преставува нешто што е здраво за ова општество. Потоа се емитува изјавата на Заев на ТВ 21 во која зборува за „грдото лице на Македонецот" и за граѓанскиот концепт на партијата, кој остава простор за промена на Уставот. Следуваат одвоени мислења на аналитичарите „за ставовите на Заев во врска со отварањето на Уставот и навредите кон Македонците за сметка на Албанците". За универзитетската професорка Тања Каракамишева, грдо лице имаат политичките манипулации и тезите на Заев кои делуваат пазарџиски и крајно несериозно и оти треба да срочи концепт за тоа што треба да се менува во Уставот и на избори да ги убедува граѓаните во тоа. За политичкиот аналитичар Петар Арсовски, ова говори за посериозна стратегија на СДСМ кон

Албанците, а дали ќе се изгубат македонски гласови ќе се види на изборите, како и дека дел од стратегијата е и притисок кон албанските партии да не коалицираат со ВМРО ДПМНЕ. На крајот се емитува изјавата на Ивица Коневски од ВМРО ДПМНЕ со осуда за изјавите на Заев.

На 13 ноември, во прилогот со негативна рамка за СДСМ „Цуцуловски на ФБ: Заев во ВМРО ДПМНЕ, за СДСМ да стане вистинска и активна партија" (4 минути и 34 секунди), се пренесува Фејсбук статусот на универзитетскиот професор Цуцуловски за тоа дека Заев треба без одлагање да биде избран за почесен претседател на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи му успеа СДСМ целосно да го дезориентира, а членството да го подели до крајни граници. Според него, промената на ставовите, зачудувачките персонални промени, збунувачките коалиции, бесмислените и небулозни предлози за промена на Уставот сосема ја обезличија партијата. СДСМ, како политичка партија, практично веќе не постои, освен што постојат неговите членови и симпатизери. Од друга страна, ВМРО-ДПМНЕ просто заплашува со својата цврста организираност, со ултимативното спроведување на централните одлуки, со широко разгранета партиска инфраструктура и безрезервна верност кон лидерот, партија која дејствува како да е во илегала. Уште еднаш се пренесуваат Фејсбук статусите на Каролина Ристова Астеруд (со негативен став по објавувањето листите на СДСМ) и Ана Павловска Данева (за коалицирањето со Српската напредна странка на Драгиша Милетиќ).

Следува „Ерели во THE HILL: Јанева ја злоупотребува својата моќ" – прилог во кој се пренесува колумната на Адам Ерели, поранешен амбасадор на САД и заменик - портпарол на Стејт департментот (2 минути и 39 секунди) со негативна рамка за Јанева и СЈО. Се пренесуваат акцентите за тоа дека според Ерели „за Јанева, да се биде независен обвинител значи да се отпуштат двајца заменици - обвинители, кои, наводно, одбиле да ја следат нејзината политичка волја. Тоа претставува закана за граѓаните на Република Македонија или, според локалните извештаи, тоа значи дека таа се обидува да ги поткупи во давање лажни изјави за други официјални претставници. Уште повеќе, таа вработува свои роднини со аргумент дека со тоа го зајакнува нејзиниот тим, што значи дека владата исплаќа плати на членовите на нејзиното семејство. Наместо да постапува според закон, Јанева ја претставува корупцијата против која би требало да се бори". На крајот се вели дека и претседателот на ГРЕКО Марин Мрчела ги осудил „методите на СЈО".

На 14 ноември, ТВ Канал 5 го пренесува преземениот/симулиран коментар „Анализа: Ако Јанева е член на СДСМ мора да поднесе оставка" (3 минути и 46 секунди) со негативна рамка за специјалната јавна обвинителка Катица Јанева. Најпрвин се пренесува написот од "Вечер" во кој е објавена уплатница со матичен број, адреса на живеење и потпис на Катица Јанева. Се наведува дека Канал 5 од СЈО побарала став околу објавените информации од "Вечер", но од таму одговориле дека не сакаат да ги коментираат. Потоа се пренесуваат поделени мислења на аналитичарот Александар Пандов и политикологот Митко Гаџовски. Првиот вели дека Јанева треба да биде сменета, а вториот дека треба најпрвин да се провери дали уплатницата е веродостојна. На крајот се потсетува дека „Дневник", неколку дена порано, објави членска книшка од СДСМ за која се тврдеше дека е на Јанева, а дека партијата тоа го негирала. Наредниот ден, Телевизијата го емитува демантот на Јанева на написите за нејзино членство во СДСМ.

На 16 ноември, во извештајот „Панчевски: Вчерашниот инцидент во Кривичниот суд најверојатно е политички мотивиран" (2 минути и 11 секунди) се пренесуваат соопштенијата од претседателот на Основен суд Скопје 1 Владимир Панчевски и од Судот во врска со случајот во кој Горан С., вработен во Судот, ја нападнал портпаролката и се вели дека на неговото расчистување работи и МВР. На крајот, во прилогот се наведува дека „Република" напишала оти напаѓачот е близок до раководството на СДСМ, а дека за овие наводи Канал 5 побарала коментар од портпаролот на СДСМ Петре Шилегов, но до објавувањето на прилогот не добила одговор.

Следува коментарот „Аналитичарите за говорот на омраза на дел од политичарите" (2 минути и 20 секунди) кој се однесува на Фејсбук статусот на Мухамед Зекири дека „не само криминалци туку и воени злосторници на листата на ВМРО ДПМНЕ партнерите на ДУИ, Тарчуловски. Со вакви зборови му се обратил на Јохан Тарчуловски". Се пренесуваат поделени мислења на политичките аналитичари Никола Србов и Алберт Муслиу. Првиот вели дека ова е напад на македонските херои и дека Зоран Заев го претставува денеска Тарчуловски како т.н. воен злосторник што е срам за државата и доволно кажува за партијата и

нејзиниот лидер. За вториот, ова се нови политики засновани на внатрешнопартиски истражувања; поддржувачите на СДСМ потолерантно гледаат на овие прашања отколку оние на ВМРО ДПМНЕ; од осамостојувањето во Македонија секогаш имало коалициски влади; како и оти не очекува одвојување на голем квантум гласачи на СДСМ заради ова. Прилогот завршува со информацијата дека раководството на опозициската партија досега не реагирало на ваквата реторика од страна на нивниот кандидат за пратеник Мухамед Зекири.

На 18 ноември се емитува осврт „Бранителите и аналитичарите за ставовите на Заев пред дијаспората во Швајцарија" (4 минути и 44 секунди). Се емитува дел од обраќањето на Зоран Заев во Берн за проширување на Рамковниот договор, за тоа дека за влошувањето на односите со соседите проблемот е во Македонија. Следуваат поделени мислење на аналитичари. Според Тања Каракамишева - Јовановска - изјавите што Заев ги упати кон јавноста, се дефинитивно против интересите на Македонија, за што ќе мора да сноси кривична одговорност. Тие укажуваат дека Заев и СДСМ „дефинитивно забегаа и почна да делуваат антисистемски и антидржавно", дека изјавите на Заев се „шизофрени тези" кои мора да бидат предмет на судска постапка. За Алберт Муслиу – дел од вината е кај нас, а поголемиот дел е кај соседите, работата е да се најде решение. Кој било кој ќе изнајде начин како овие односи да се хармонизираат е за поздравување затоа што не знае кој во Македонија би имал зијан од добри меѓуетнички односи и намалени тензии меѓу заедниците. Има изјава и од Горан Димоски од здружението на бранители Бедем (кога ќе видиме кој го продаде знамето, кој го продаде името, кој ја продаде територијата, западниот дел на Македонија - ова е сосема очекувано од нив, Заев нема чувство за национален интерес).

Истиот ден, во извештајот „СЈО отвори предмет наречен „Таргет" (3 минути и 10 секунди) се коментира дека пресот на Јанева временски се совпаѓа со најавите на Зоран Заев. Во прилогот се информира за прес-конференцијата на СЈО, со делови од обраќањата на обвинителките Фатиме Фетаи и Ленче Ристовска и се пренесува ставот дека СЈО ги отфрла обвинувањата оти отворањето на истрагите и прес-конференциите се во насока да се влијае врз изборниот процес. Ова се поврзува со интервјуто на Заев за неделникот „Фокус" каде вели дека ако СЈО не изнесе информации за тоа кој прислушкувал во текот на судскиот случај „Пуч", тогаш ќе отвори нова истрага. Потоа се вели дека дел од медиумите јавуваат оти прес-конференцијата на СЈО доаѓа во момент кога Заев е под силни критики од јавноста поради изјавите дадени на средба со дијаспората во Швајцарија за потребата да се прошири Охридскиот рамковен договор, „ја обвини Македонија за лошите односи со соседите" и „го повтори неговиот став за двојазичност на целата територија на Македонија". Во наредните два прилога се пренесуваат соопштенијата со реакцијата на ВМРО ДПМНЕ и контрареакцијата на СДСМ.

На 19 ноември, се реактуелизира темата за обраќањето на Зоран Заев пред дијаспората во Берн, во коментарот „Аналитичарите за ставовите на Заев изнесени пред албанската дијаспора во Берн" (3 минути и 53 секунди). На почетокот се потсетува на содржината на обраќањето на Заев. Прилогот ги содржи спротивставените мислења на Васко Ефтов и Алберт Муслиу. За Ефтев, првиот мотив на Заев е да добие гласови на Албанците, вториот можеби добил пари, третиот е дека Заев се чувствува визионерски под влијание на својот духовен татко (член на Синодот на МПЦ, кој според Ефтов е „сериозно вмрежен во повеќе регионални, светски агентури"), а четвртиот, според него најопасен, дека Заев сака да предизвика внатреалбански конфликт. Муслиу потсетува дека при изработката на прегледот на примената на Охридскиот рамковен договор од аспект на социјалната кохезија, веќе се донесени препораки кои се однесуваат на проширување на употребата на албанскиот јазик и на некои други интереси на албанската заедница во Македонија и оти секоја тенденција која подразбира поголема хармонија меѓу заедниците во Македонија е за поздравување. На крајот од прилогот медиумот вели: „познавачите коментираат и дека првиот човек на СДСМ треба да биде свесен дека ваквите изјави и идеи водат кон нарушување на унитарноста и безбедноста и кон физичка делба на државата". И покрај различните гледишта во прилогот, најавата за него гласи: „Нови реакции на изјавата на Заев во Швајцарија дека треба да се оди и надвор од рамките на Рамковниот договор. За аналитичарите ова се мошне опасни тези кои водат кон предизвикување внатреалбански конфликт, како и кон уривање на унитарниот карактер на државата и нејзина физичка поделба".

На 20 ноември, „Анализа: граѓаните не сакаат двојазичност во цела држава" (5 минути и 5 секунди) е уште една реактуелизација на говорот на Заев во Швајцарија (стар неколку дена) во врска со тоа дека Охридскиот рамковен договор не е доволен, мора да се оди преку него и оти не може сите да се лоши околу нас, а ние да сме најдобрите. Откако се репризира изјавата изворно, се емитува анкета со граѓани спроведена од Канал 5. Во првиот дел од анкетата, повеќето од нив сметаат дека Рамковниот договор е испочитуван и поширока употреба на албанскиот јазик може да доведе до федерализација. Во вториот дел од анкетата - на граѓаните не им смета двојазичност. Во третиот дел, одговорите се дека Македонија нема вина за спорот со Грција. Прилогот завршува со заклучок дека „според правните експерти пак, повикувањето на двојазичност на целата територија на државата е противуставно, а барањата на Заев за проширување на рамките на Охридскиот договор ги оценија како антидржавни".

Сегментот од вестите на оваа тема, има уште два прилога: „Македонците од САД и Австралија со остри реакции на ставовите на Заев" (1 минута и 56 секунди) и изјава од Тони Трајковски „ВМРО ДПМНЕ: СДСМ призна дека редефинирањето на Уставот е нивен приоритет" (1 минута и 41 секунда) која претставува реакција на соопштение од СДСМ, кое Телевизијата не го објавува во Дневникот од 18:30.

Потоа, пренесена е колумната на американскиот генерал Роналд Џонсон „Генерал Џонсон: Груевски ќе победи на изборите во Македонија" (2 минути и 33 секунди) со позитивна рамка за Никола Груевски.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***<u>Интервјуа</u>***

На 13 ноември, премиерно се емитуваше емисијата *Во Центар со Васко Ефтов*, во која авторот реализираше интервју со новинарката Мирка Велиновска, за политички актуелни теми во САД и кај нас во Македонија.

Истиот ден, имаше реприза на емисијата *Во Центар со Васко Ефтов*. Темата беше црниот интернет или оној интернет каде се прават сите криминални активности во светот. Интервјуа со Александар Митовски аналитичар и Аристотел Тентов професор на ФЕИТ.

На 19 ноември, во раните утрински часови, во емисијата *Миленко Неделковски Шоу*, авторот оствари интервју со италијански новинар Џузепе Закариа на тема - влијанието на Џорџ Сорос и неговата Фондација Сорос врз демократијата низ државите во светот.

На 20 ноември, се емитуваа две изданија на емисијата *Во Центар со Васко Ефтов*. Во раните утрински часови се емитуваше реприза на интервјуто со новинарката Мирка Велиновска, а подоцна во стандардниот термин по завршување на централните вести на ТВ Канал 5, се емитуваше емисијата *Во центар со Васко Ефтов*, во кое беа реализирани две интервјуа и тоа со Милка Миличевиќ, жената која ги одгледала децата на Доналд Трамп и Тахир Хасановиќ, поранешен политичар, бизнисмен.

***<u>Други информативни програми</u>***

На 12 ноември премиерно се емитуваше емисијата *Миленко Неделковски шоу*. Во емисијата, авторот го посети споменикот на загинатите војници на Сремски фронт. Исто така покрена иницијатива за донирање на финансиски средства за подигнување споменик на Кајмакчалан за погинатите Македонци.

***Други програми***

На 11 ноември, во утринската емисија *Здраво Македонијо,* една од темите за телефонски јавувања на гледачите на Канал 5 беше темата за двојазичноста која е повторно актуелна. Дали тоа треба да не плаши или не? Како и секое петочно издание на оваа утринска емисија, така и сега гледачите имаа можност уште еднаш да ги изнесат мислењата и ставовите за некои од темите кои беа актуелни претходните денови, односно дека СДСМ ги објави пратеничките листи за изборите на 11-декември, се чека на ВМРО ДПМНЕ. Публиката можеше да се произнесе за прашањето дали ова ќе бидат резултатски најнеизвесните избори до сега како и на прашањето, што ќе се смени во односите кон Македонија доколку победи Клинтон или Трамп?

На почетокот од работната недела, на 14 ноември, во *Здраво Македонијо,* гледачите беа известени дека ДИК ги констатираше листите. Прашањето за нив беше дали конечно сè е подготвено за избори без одложување?

Уште една актуелна тема на политичката сцена имаше во утринското издание *Здраво Македонијо* емитувано на 15 ноември. Прашањето беше - колку им се важни на граѓаните пратеничките листи кога одлучуваат за кого да гласаат?

Гледачите на утринската емисија *Здраво Македонијо* емитувана на 16 ноември, имаа можност телефонски да дебатираат и да дадат свои размислувања на темата - Како ја оценуваат досегашната улога, работа и залагање на ДИК во организирањето на изборите?

На 18 ноември, во премиерното емитување на *Здраво Македонијо* до гледачите беше поставено прашањето - Дали ни треба нов, проширен рамковен договор? Воедно, телефонските јавувања можеа да се искористат и за давање сопствени мислења и ставови за тоа колку им се важни на граѓаните пратеничките листи кога одлучуваат за кого да гласаат?

**Член 75-б од Изборниот законик**

На ТВ Канал 5, во осмиот извештаен период – 11 до 20 ноември 2016 година, известувањето за власта се состои од информирање за радовните активности, неколку прилози со позитивен контекст (опишано погоре во Извештајов) и еден прилог во кој резултатите од политиките на власта се поврзуваат со политички субјект:

***Дневник во 18:30 часот 12.11.2016***

<u>19:02:11 – 19:05:41 „Втора македонска компанија влезе во Бунарџик - „ФПЦ Технопласт" најави 200 вработувања</u> – прилогот говори за резултати од политиките на власта кои се поврзуваат со политичка партија (на поставувањето камен темелник присуствува и претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, присутен и со изјава за оваа инвестиција и информација од неговиот Фејсбук профил).

***Сектор за програмски работи***